**20150812598**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2015 година.

Бр. 08 – 2178/1
14 мај 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ број 23/2003, 69/2004, 10/2008, 160/2008, 35/10, 11/12, 93/13 и 44/15), во Царинската тарифа која е составен дел на овој закон во ОДДЕЛ XI Глава 59 тарифен број 5906, тарифен подброј 5906 10 во тарифниот став со тарифна ознака „5906 10 00 00 - Лепливи ленти со ширина што не надминува 20 см“, во колоната за царински давачки бројот „10“ се заменува со бројот „5“.

Во ОДДЕЛ XV Глава 73 тарифен број 7318, тарифен подброј 7318 19 во тарифниот став со тарифна ознака „7318 19 00 00 - - Друго“ во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „8“.

Во ОДДЕЛ XVI Глава 85 тарифен број 8536, тарифен подброј 8536 10 во тарифниот став со тарифна ознака „ 8536 10 50 00 - - За јачина на струја што надминува 10 А, но не надминува 63 А“, во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „10“.

Тарифен број 8536, тарифен подброј 8536 49 во тарифниот став со тарифна ознака „8536 49 00 00 - - Друго“, во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „1“.

Тарифен број 8544, тарифен подброј 8544 30 во тарифниот став со тарифна ознака „8544 30 00 00 - Сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила, воздухоплови или бродови“, во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „10“.

Тарифен број 8547, тарифен подброј 8547 20 во тарифниот став со тарифна ознака „8547 20 00 00 - Изолациони делови од пластични маси“, во колоната за царински давачки бројот „10“ се заменува со бројот „1“.

Во ОДДЕЛ XVII Глава 87 тарифен број 8708 тарифен подброј 8708 29 во тарифниот став со тарифна ознака „8708 29 90 00 ---Друго“, во колоната за царински давачки бројот „15“ се заменува со бројот „1“.

Во ОДДЕЛ XIII Глава 70 тарифен број 7019, тарифен подброј 7019 12 во тарифниот став со тарифна ознака “7019 12 00 00 -- Стаклени влакна (вклучувајќи стаклена волна) и производи од нив (на пример предиво, ткаенина): Тракови на стаклени влакна, ровинг, предиво и сечени нишки: Ровинг“, во колоната царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2“.

Тарифен број 7019, тарифен подброј 7019 19 во тарифниот став со тарифна ознака “7019 19 10 00 --- Стаклени влакна (вклучувајќи стаклена волна) и производи од нив (на пример предиво, ткаенина): Тракови на стаклени влакна, ровинг, предиво и сечени нишки: Друго: Од филаменти“, во колоната царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2“.

Во ОДДЕЛ IV Глава 20, тарифен број 2008, тарифен подброј 2008 99 во тарифниот став со тарифна ознака 2008 99 99 10, во текстот на наименуванието после зборот преработка се додаваат зборовите: „ или за земјоделска употреба“.

Во тарифен број 2009 тарифен подброј 2009 89 во тарифниот став со тарифна ознака 2009 89 99 10, во текстот на наименуванието после зборот преработка  се додаваат зборовите: „или за земјоделска употреба“.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.